MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/10

Бр./Nr 12-1842/4

27-08-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносител ---------- ---------- од ---------- на 37-та седница, одржана на ден 24 август 2020 година донесе

О д л у к а

Постапката по предметот број 12-389 од 2019 година, оформен врз основа на пријава број 12-389/1 од 13.02.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ---------- ---------- од ---------- **, СЕ ЗАПИРА.**

Наводите во поднесената пријава се однесуваат на неправилности и можност од коруптивни активности на раководни лица во Министерството на труд и социјална политика, Фондот за ПИОМ и Сојузот на Здруженијата на пензионерите на Македонија кои произлегуваат од законските решенија за начинот на задршки од пензиите за солидарни фондови и членарина при исплатата на пензиите на корисниците, Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-389 од 2019 година.

Предметот со број 12 - 389 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-389 од 2019 година е оформен врз основа на пријава број 12-389/1 од 13.02.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ---------- ---------- од ---------- .

Во пријавата изнесени се наводи за неправилности и можност од корумпирано работење на раководни лица во Министерството на труд и социјална политика, Фондот за ПИОМ и Сојузот на Здруженијата на пензионерите на Македонија, а во врска со начинот на задршки од пензиите за солидарни фондови и членарина при исплатата на пензиите на корисниците, без утврден законски основ за истото.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба достави барање до Државниот завод за ревизија, во текот на ревизијата во Фондот на ПИОМ, да изврши

проверка на законскиот основ односно, на основаноста за задршките од пензија за солидарни фондови и членарина при исплатата на пензиите на корисниците и до Државната комисија да достави Извештај од извршената ревизија.

До ДКСК, од страна на подносителот на пријавата неколку пати доставени се и дополнувања на предметната пријава и кон истите приложена е идентична документација како доказен материјал.

По разгледувањето на целокупната документација за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдено е следното:

- Во поднесената пријава станува збор за наводи за неправилности и можност од корумпирано работење на раководни лица во Министерството на труд и социјална политика, Фондот за ПИОМ и Сојузот на Здруженијата на пензионерите на Македонија, а во врска со начинот на задршки од пензиите за солидарни фондови и членарина при исплатата на пензиите на корисниците, без утврден законски основ за истото.

Конкретно наводите во пријавата се во врска со внесувањето на глава X , солидарен фонд – посмртна помош и членарина преку членовите 115, 116 и 117 во Законот за пензиското и инвалидското осигурување, а кои според подносителот, биле донесени спротивно на член 1 од истиот Закон со кое се регулирало и утврдувало задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Во основа не постоело одлука донесена од членовите на Здруженија а пензионери на Македонија со која се воведувало плаќање на членарина и солидарен фонд, како и за што истите ќе се користеле и трошеле, туку истото се уредило со наведените законски одредби, донесени од страна на министерот за труд и социјална политика, а по кои на пензионерите им се запирал дел од пензијата по тие основи, па подносителот се прашува дали со наведениот Закон биле прекршени основните човекови права и слободи на пензионерите во државата. Во 2017 година била донесена одлука за висината на задршката по наведените основи која била објавена во службен весник бр. 56 од 15.05.2017 год, донесена од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, која се однесувала на период од 01 мај до 30 октомври 2017 година.

Во врска со случајот, подносителот поднел претставка и до Министерството за труд и социјална политика на која му било одговорено на 25.07.2018 година и тој бил известен дека во врска со укинувањето на наведените членови од Законот за пензиското и инвалидското осигурување имало постапување од страна на Уставниот суд кој на 25.09.2019 донел решение дека не се поведува постапка за оценување на уставноста, како и дека била поведена друга постапка на која се чекало одговор.

- По извршени проверки на ДКСК констатирано е дека, на ден 19.09.2006 година, од страна на Државниот завод за ревизија била извршена ревизија на финансиските извештаи на Фондот за ПИОМ за 2005 година, во кој во точката 11.1.1 од истиот било констатирано дека Фондот, врз основа на Спогодба за соработка и за начинот на задршката од пензиите на корисниците на пензија - членови на здруженијата на пензионерите здружени во СЗПМ за солидарните фондови и членарина на здруженијата, вршел задршка без законски основ од пензија за солидарни фондови и членарина при исплатата на пензиите на корисниците, спротивно на Одлуката на Уставен суд за Укинување на Одлука за условите и начинот за сервисирање на солидарниот фонд на корисниците на пензија донесена од страна на Управниот одбор на Фондот на 13.07.2001 година,

Исто така, било констатирано дека на деведесет и седмата седница на Владата на Република Македонија одржана на 25.04.2006 година, врз основа на иницијатива на Сојузот на пензионерите на

Македонија, бил донесен заклучок Министерството за труд и социјална политика во соработка со Фондот да предложат правна основа и механизам, со кој средствата кои се прибираат по основ на членарина и за солидарните фондови на здруженијата на пензионерите, да се собираат и сервисираат во рамките на Фондот. Па согласно тоа, од ДЗР била дадена препорака:„Во соработка со Министерството за труд и социјална политика да се иницира утврдување на законски основ за задршките од пензија за солидарни фондови и членарина со закон, како и со закон да се овласти Фондот или друг орган да ги уредува прашањата за начинот на користење на овие средства и следење на наменското и законското користење на средствата исплатени по овој основ".

- Подносителот, во врска со предметниот случај се обратил со писмо и до Сојузот на здруженијата на пензионери, кој на ден 12.06.2019 година го известува за следното:

* Воведувањето на членаринаата заедно со средствата за исплата на посмртна помош било регулирано со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, а согласно одредбите на членот 115 став 1 од Законот било утврдено дека на корисник на пензија , со негова согласност му се запирал дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина). Тоа значело дека издвојувањето на дел од пензијата за посмртна помош и членарина се остварувало исклучиво на доброволна основа. Имено, при поднесување на барање за остварување право на пензија, осигуреникот, односно идниот пензионер со писмена согласност ја изразувал својата волја дали сака да му се издвојат средства за солидарен фонд. Исто така пензионерот можел со писмена изјава да се откаже од издвојување на средства за посмртна помош и членарина.

*Во врска со трошењето на средствата од членаринаата, Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија имал донесено Одлука за утврдување на единствените мерила и критериуми за материјално - финансиско работење на здруженијата на пензионери и Сојузот како општа правна рамка и здруженијата на пензионери и Сојузот биле должни со средствата да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на здруженијата и сојузот, а над личните интереси. Со наведената одлука биле утврдени и намените за користење на средствата во здруженијата и тоа за социјални, солидарни, културни, спортски, рекреативни, за заеднички проекти од посебен интерес за превенција во здравствената состојба на пензионерот, поддршка на уметничко творење од областа на ликовната и драмската уметност, промоции на книги поттикнување на издавачка дејност и творештво како и за унапредување на животната околина и чиста животна средина.

*По однос на наводите дека не постоела одлука за воведување на членарина, се известува дека Сојузот и здруженијата на пензионери доследно ги применувале законските прописи и другите акти во врска со својата дејност, односно материјално - финансиско работење. Од страна на Надзорниот орган на Сојузот и на здруженијата на пензионери се вршел увид во материјално - финансиско работење и контрола на правилната примена на прописите. Исто така , согласно член 50 од Законот за здруженија и фондации, финансиските средства здруженијата ги употребувале за остварување на целите на организацијата определени со статут и програмата. Со член 53 став 2 од истиот закон организациите биле должни да подготват годишен финансиски извештај и да го достават до надлежен орган во согласност со законот и да го објават на својата веб страница или на друг соодветен начин да го достапен за јавноста. Сојузот го известува подносителот и за тоа дека работењето на Сојузот како самостојно правно лице и

здруженијата на пензионерите како невладини граѓански организации, подлежат на надворешна контрола од надлежен орган односно институции и дека досега, од извршените контроли врз работењето на Сојузот и здруженијата не било забележано нивно неправилно финансиско работење. Во врска со објавата на Одлуката за висина на издвојување на средства за посмртна помош и членарина во текот на 2017 година, наместо на почетокот на годината, Сојузот известува дека објавата произлегла од потребата да се обезбедат повеќе средства за посмртна помош, за да се надмине недостигот на средства, по доставена анализа од страна на Фондот за ПИОМ кој вршел исплата на посмртна помош. Затоа времено се зголемила задршката за обезбедување на средства за посмртна помош, а по санирање на состојбите во застојот на исплатата на посмртната помош, повторно се врати во примена претходната одлука донесена на 13 јануари 2011 година, а исплатата на посмртната помош се вршела редовно и непречено.

- ден 24.12.2019 година, од страна на Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи на Фондот за ПИОМ за 2018 година и во и во конечниот извештај од 24.12.2019 година не се утврдени неправилности во Фондот за ПИОМ по однос на овие наводи.

Со оглед на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај било постапено од страна на надлежни органи - Уставен суд и Државен завод за ревизија, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметната пријава се запира и предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 24 август 2020 година под бр. 12- 1842/4

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Доставено до :
- Архива
- Подносител

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член на ДКСК